ВОДОВОД

Бр. 04-474/1

05.03 2025 год.

ОХРИД

Врз основа на член 20-г став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија и член 31 од Колективниот Договор на ЈП „Водовод" - Охрид, а согласно Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈП „Водовод" - Охрид и Согласноста дадена од Градоначалник на Општина Охрид со арх.бр. 09-2296/2 од 24.02.2025 година, Директорот на ЈП „Водовод" - Охрид објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС 1/2025**
**за вработување на неопределно време**

Општите услови утврдени со Законот за јавни претпријатија, Законот за работни односи и Колективниот договор, за давателите на услуги во областа на комуналните дејности се кандидатот да е државјанин на Република Македонија, активно да го користи македонскиот јазик, да е полнолетен, да има општа здравствена способност за работното место и со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Распоред на работно време
- Работни денови: понеделник - петок
- Работни часови неделно: 40
- Работно време: од 07:00 до 15:00 и од 13:00 до 21:00
- Опис за работното време: работа во смени

**1. Оператор на градежни машини КДР0305В01003 (1) извршител(и)**

Посебни услови
- најмалку ниво на квалификации 1 или основно образование;
- Б категорија и квалификација за управување со градежни машини;
- Најмалку една година работно искуство во струката.

Потребни работни компетенции
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа.

Паричен нето износ на плата: 22.567,00 денари

Со пријавите по огласот кандидатите треба да доставaт:
1. Уверение или Решение за државјанство (фотокопија)
2. Доказ за завршено основно образование (фотокопија заверена на нотар)
3. Б категорија и квалификација за управување со градежни машини
4. Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност;
5. Доказ за општа здравствена состојба
6. Доказ за работно искуство

**2. Водоинсталатер КДР0305В01004 (2) извршител(и)**

Посебни услови
- најмалку ниво на квалификации 1 или основно образование;
- КВ/ВКВ квалификација;
- најмалку една година работно искуство во струката.

Потребни работни компетенции
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа.

Паричен нето износ на плата: 22.567,00 денари

Со пријавите по огласот кандидатите треба да доставaт:
1. Уверение или Решение за државјанство (фотокопија)
2. Доказ за завршено основно образование (фотокопија заверена на нотар)
3. КВ/ВКВ квалификација
4. Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност;
5. Доказ за општа здравствена состојба
6. Доказ за работно искуство

**РОК ЗА ПРИЈАВА:**

Рокот за пријавување по Јавниот оглас изнесува 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници. Пријавите за вработување се потполнуваат на образец изготвен од страна на претпријатието кој може да се подигне од Архивата на ЈП „Водовод" - Охрид. Пријавите да се доставаат лично или преку пошта во архивата на Ј.П. Водовод Охрид, на ул.Наум Охридски б.б. Охрид.

Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги во претпријатието се состои од две фази и тоа:

Фаза 1 – Административна селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата;

Фаза 2 – Интервју

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 5 (пет) дена по завршување на постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги

Охрид,
05.03.2025г.

ЈП „Водовод" - Охрид
Директор Марјан Ристески

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД 1 ОХРИД